***З А П И С Н И К***
***од 17-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 21.12.2022 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски. На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски.

Од општинската администрација присутни беа Мише Милошевски, Катерина Огненовска и Вера Трајковска. На седницата присутна беше Мирјана Јанчевска –граѓанин по предходна писмена најава.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-усвојување на Записник 16 седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки. Со 11 „за“ беше усвоен записникот.

-усвојување на Записник ИТНА седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот од ИТНА-та седница беше усвоен со 11 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализацоја на проектот „Подобра социјалната инклузија преку изградба на инфраструктура за млади, спорт и рекреација во руралните и урбаните средини во Пелагонискиот регион“.

2.Донесување на Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2023 година.

3. Донесување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар.

4. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2023 година.

5. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2023 година.

6. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2023 година.

7. Донесување на Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година.

8. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2023 година.

9. Донесување на Програма за јавно осветлување за 2023 година на подрачјето на општина Демир Хисар.

10.Донесување на Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2023 година.

11. Донесување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2023 година.

12. Донесување на Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2023 година.

13. Донесување на Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2023 година.

14. Донесување на Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2023 година.

15. Донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2023 година.

16. Усвојување на Финансиски извештај на ЈКП Комуналец Демир Хисар за период од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година.

17. Донесување на Одлука за доделување на еднократен паричен надомест на талентирани ученици во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар во учебната 2023/2024 година.

18.Донесување на Решение за именување на членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот за 2023 година.

19. Донесување на Решение за разрешување и именување на член на Комисија за мандатни прашања избори и именување.

20.Донесување на Решение за разрешување и именување на член на Статутарното правна комисија.

21.Донесување на Решениеза разрешување и именување на член во Партиципативно тело за УП на Општина Демир Хисар.

22. Разгледување на барање од Љубе Митрејчевски.

23. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. Советничката Марина Димитријовска предложи дополнување на дневниот ред со три точкии тоа прво бидејќи во Дневниот ред нема одлука за надомест за склучување на брак, затоа предложи да се дополни дневниот ред со ваква одлука. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни за 2023 година се одлучи наместо одлука за склучување на брак да се донеси одлука за надомест за првачe, средствата кои предходно беа планирани за брак сега се наменети за првачиња. Советничката Марина Димитријовска предложи да се дополни дневниот ред со одлука за степендирање на талентирани ученици во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар со цел да се зголеми бројот на ученици кои ќе се запишуваат во ова училиште и да се стимулираат учениците да постигнат поголем успех да допринесат за општината. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи предлогот е на место, но да се однесува само на одлични ученици. Советничката Марина Димитријовска додаде како трет предлог е да се стави точка за донесување на програма за бездомните кучиња предходно донесената програма завршува и планот беше за четири години и тој е исцрпен. Тоа даде резултат немаше пријави за каснати од бездомни кучиња. Советничката Сандра Пејковска во врска со предлозите истакна ниту една општина не дава надомест за склучен брак, се даваа средства на брачни парови кои не живеат во Демир Хисар, затоа се размислуваше овие средства да се пренаменат за првачињата кои се запишани во основните училишта во општина Демир Хисар. За предлогот за степендирање на талентирани ученици во средното училиште е добар предлог но за тоа треба да се произнесе и градоначалникот. Градоначалникот Никола Најдовски објасни се субвеционираат учениците кои беа на олимпијатата постигнаа успех и други еднократни надоместоци за ученици кои учествуват на натпревари има закон секој кој освојува прво место државата определува средства и ги наградува. Советничката Марина Димитријовска дополнително објасни целта на оваа одлука би била да се помогне да се запишуваат повеќе деца во средното училиште. Градоначалникот Никола Најдовски додаде средното училиште е одлично и е во одлична

кондиција, но самата клима која е создадена таму придонесе да има по 4 ученици во паралелка, и проблемите уште повеќе ќе се јавуваат. Самиот тим кој е таму треба да дај допринос учениците да не одат да се запишуваат во Битола, овде такво нешто нема. Овде претежно останауваат ученици кои неможат да се запишан на друго место. Советникот Валентин Несторовски додаде да се воведеше нова струка која е интересна ќе дадеше допринос. Советничката Сандра Пејковска дополнително објасни можи да му се дај благодарница на талентирани ученици степендија е нешто друго. Градоначалникот Никола Најдовски додаде можи да се дај еднократно како награда, но месечна степендија не можи. И секако општината излегува во пресрет кога треба децата се носат на натпревар. Потоа додаде треба да се внимава со одлуката за бракови се доделуваат средства на млади за склучен брак по 10.000, а тие живеат во странство, во Австрија пуштивме 100.000 денари што се стимулира. Не е коректно од сите исто и за новороденчиња 10.000 тоа се огромни средства. Нашата обврска е да се грижиме за подобра средина на населенисто, а ние само префрламе средства за вакви намени. Тука е и еднократната парична помош вкупно 1.200.000 со овие средства можи да се наменат за инвестиција. Што се однесува за предлогот за подршка на учениците од средното училиште можи да се планира како еднократен надомест за постигнат резултат, но не може да се планира степендија која би значела месечен надомест. Советникот Аце Јанкуловски додаде зошто не се запишуваат учениците во ова училиште треба да размислува раководниот кадар кој е таму и какви степендии да се даваат нема да помогне. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни, бидејќи точката 17. Донесување Решение за давање согласност на Статутот на ЈКП Комуналец Демир Хисар се повлекува, предложи на местото од оваа точка да се стави точка:Донесување на Одлука за доделување на еднократен паричен надомест на талентирани ученици во СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар во учебната 2023/2024 година. Потоа предложи да се дополни Дневниот ред со точка 22. Разгледување на барање од Љубе Митрејчевски. Други предлози немаше. Со 11 „за" беше усвоен Дневниот ред со дополнувањето од точка 17 и точка 22.

Мирјана Јанчевска која беше присутна на седницата како граѓани забележа зошто на дневен ред не е ставена програмата за бездомни кучиња за 2023 година, а потоа додаде дека општина Демир Хисар имала можност да добие грант за справување со бездомните кучиња, но за жал тие средства ги добила друга општина.

***ТОЧКА 1. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализацоја на проектот „Подобра социјалната инклузија преку изградба на инфраструктура за млади, спорт и рекреација во руралните и урбаните средини во Пелагонискиот регион"***

За Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Подобра социјалната инклузија преку изградба на инфраструктура за млади, спорт и рекреација во руралните и урбаните средини во Пелагонискиот регион" објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Општина Демир Хисар аплицираше со проектот за реконструкција на градскиот парк. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 2.Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2023 година***

За Одлуката за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2023 година објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски, при тоа напомена средствата се исто планирани како предходна година. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 3. Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар***

За Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2023 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2023 година беше усвоена од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. Објаснување на програмата имаше Раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2023 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2023 година беше усвоена од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. Објаснување на програмата имаше Раководителот Мише Милошевски, при тоа напомена во програмата има намалување во точка 2 е намалена за 2023 година се планира 100.000, а во точките 3, 4, 5 и 6 е зголемено планирано е на 73.000. Во точка 7 се планирани средства за подршка на талентирани млади лица за она што се разговараше предходно со оваа програма се подржуваат овие лица. И предходно се даваше подршка на талентирани ученици се подржуваа децата кои учествуваа на олимпијадата, се даваше средства на здружението кое ги спремаше овие деца, и во иднина треба да се подржуваат вакви талентирани ученици. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски забележа предходната година се планирале 150.000 за подршка на спорски клубови и смета дека овие средства не треба да се кратат. Предложи во точка 2 да бидат планирани 150.000. Советникот Аце Јанкуловски додаде општината има еден репрезент тоа е фудбалскиот клуб и не треба тука да крати. Други предлози немаше. За усвојување на програмата дополнета и изменета со предлогот во точка 2 да се планира 150.000 гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 6. Програма за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2023 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2023 година беше усвоена од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. Објаснување на програмата имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За донесување на Програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година***

Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година беше усвоена од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. Објаснување на програмата имаше раководителот Мише Милошевски, при тоа објасни оваа година за реализација на програмата се планирани повеќе средства тоа е поради јавната набавка понудите беа повисоки, мораше и планираните средства да ги зголемиме. Дискусија немаше. За донесување на Програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 8. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2023 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2023 година беше усвоена од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска, при тоа ги запозна советниците имаше предлог од член на комисијата за дополнување на програмата со две точки и тоа7. Исхраната како лек и 8.Заштита од мобилни телефони и други електрични апарати и двете активности ќе бидат покриени од ПЗУ „Св.Пантелејмон“ за што беше нагласено дека не се потребни средства. Претставникот Мише Милошевски додаде во рамките на планираниот буџет ќе се направи прераспределба на планираните средства и тоа сите активности ќе се планираат на 4.000, а двете кои се дополнија на 3.000, така рамката останува иста. Средства се потребни за печатење на флаери или за обезбедување вода за присутните. Досега не се реализираше оваа програма, дури во еден момент се размислуваше дали да се планира, добро е да се реализираат активностите барем кога се одбележуваат светските денови на некои болести. Советникот Валентин Несторовски се согласи добро е да се реализира програмата. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Програмата со дополнувањето гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 9. Програма за јавно осветлување за 2023 година на подрачјето на општина Демир Хисар***

Програмата за јавно осветлување за 2023 година на подрачјето на општина Демир Хисар беше усвоена од комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали програмата е планирана согласно новите цени на сметките за струја. Раководителот Мише Милошевски објасни тешко можи да се планира согласно движењата на цените на струјата. Оваа година и приходот е зголемен планирано е на 8.500.000, исто има зголемено на планираните средства за потрошена електрична енергија, додека средствата планирани за одржување на јавно осветлување се планирани исто како и лани. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали преку тендер е набавката на струја. Раководителот Мише Милошевски објасни цената не можи да се предвиди, заради надминување на овај проблем некои општини имаа обиди да ја префрлат на физички лица колку тоа е законски ќе се види, заради намалување на цената на струјата се пристапи кон редуцирање на јавното осветлување, поставени се 15-20 тајмери за исклучување, се планира да се опфатат поголем број на населени места, да се постават лед светилки, по улица Битолска поставени се две светилки пробно, ќе се постават да светат со намалена светлина. Дали има заштеда секако дека има споредено со истиот период од предходна година за месец октомври и ноември има 33 % заштеда. Исто има намалување и јавните објекти кои се под дирекна надлежност на општината. Советничката Марина Димитријовска исткна има револт кај населението зошто некаде се исклучува некаде не, ако се исклучуваше преку една сијалица е подобро.исто во Демир Хисар да се исклучува наизменично, а не целосен мрак Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи забелешката е на место да се постават тајмери сите граѓани плаќаат улично и сите треба да се рамноправни предлогот е секаде да се исклучува подеднакво. Раководителот Мише Милошевски објасни за да се направи да светат редуцирано треба да се исклучува од бандера тоа плус инвестиција точно е има реакции и незгодно е кога се исклучува уличното. Само со ставање на паметни светилки со намалување на светлината најдобро може да се реши. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“беше усвоена програмата со забелешките, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2023 година***

Годишната програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2023 година беше усвоена од комисијата за јавни комунални дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со програмата објаснување имаше претставникот Вера Трајковска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша колку срества се

планирани. Претставникот Вера Трајковска објасни програмата е планирана на средствата кои се собират од граѓаните на градот Демир Хисар по основ јавна чистота, ги собира ЈКП„Комуналец“ ги префрла на општината, а потоа општината го ангажира јавното претпријатие за извршување на работи предвидено со програмата и му плаќа за извршената работа. Од оваа програма треба да се плаќа само работи кои се извршуваат во градот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 11. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2023 година***

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2023 година беше усвоена од комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни членот Марина Димитријовска. За програмата објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша колку средства се потребни за реализација на програмата. Претставникот Катерина Огненовска објасни планирани се 300.000 сметаме доволни се овие средства. Дискусија немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 12. Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2023 година***

Програмата за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2023 година беше разгледана од Комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни членот Марина Димитријовска, забелешката се однесуваше во точка 1 од програмата за изградба на техничка документација предходната година беа планирани 500.000, а многу повеќе проекти, оваа година планирани се 630.000, а само два проекти. Немаме информација дали некој од предходно планираните проекти се веќе изготвени затоа побаравме претставникот да обезбеди подетална информација. Претставникот Катерина Огненовска објасни вака планираната програма зависи од повеќе фактори, проектот за изградба на тротоар по улица Битолска не е платен, дел е изработен, а ќе се плати оваа година, изградба на проект за тротоар до маит не се планира, бидејќи се сметаше дека не е приоритет. Изградба на тротоар и реконструкција на канал по ул.1-ви Мај и атмосферска канализација по 11 октомври проектот е изработен и платен. Проектот за патот до манастирот ќе го изработува централната власт, другите не се планирани. Остана мост на река Журешница и улица во Обедник. Во точка 3 паркиралиште кај стамбена зграда е планирано заедно со уредување на паркот пред Домот на културата Илинден планирано е како еден проект обезбедени се средства. Советничката Марина Димитријовска предложи ако некој проект не е завршен не смета ако стои и во програмата за наредна година. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 13. Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2023 година***

Програмата за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2023 година беше разгледана од Комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни членот Марина Димитријовска, бидејќи предходната програма е дел од оваа програма забелешката исто се однесуваше и овде. За програмата објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска, при тоа објасни во оваа програма внесени се сите програми исто тука се определени износите за наплата на комунлно уредување. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша местото каде се планира изградба на храмот стои планирано. Катерина Огненовска објасни да тоа место стои планирано за храмот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 14. Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2023 година***

Програмата за  Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2023 година беше усвоена од Комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни членот Марина Димитријовска. Дискусија немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 15. Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2023 година***

Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2023 година беше усвоена од Комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни членот Марина Димитријовска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали земјиштето ќе се продава по едно евро од м2. Претставникот Катерина Огненовска објасни зависи од уредбата. Дискусија повеќе немаше.  За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 16. Финансиски извештај на ЈКП Комуналец Демир Хисар за период од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година***

Финансискиот извештај на ЈКП Комуналец Демир Хисар за период од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претсеателот на комисијата Александра Трајковска. За финансискиот извештај објаснување имаше директорот Гоце Мицковски, при тоа напоменувајќи дека претпријатието покажа загуба. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски побара објаснување на што се должи загубата. Директорот Мицковски објасни тоа е резултат на високите цени на електричната енергија и горивото. Советникот Сашо Михајловски праша на што се должи разликата за довор за дело споредено со предходна година. Директорот Мицковски објасни намалено е во ставка плати, бидејќи во 2022 имаше вработени кои заминаа во пензија имаше и еден починат вработен, немаше објавено огласи мораше да се ангажираат лица со договор за дело. Советникот Марина Димитријовска праша за трошоци за камати, потоа потрошени средства за обезбедување. Директорот Гоце Мицковски објасни за камати тоа се за неплатени сметки од електрична енергија, а трошоците за обезбедување се за депонијата, бидејќи беше запалена, па се склучи договор за патролно обезбедување се плаќа месечно. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша зошто не се вработи стражар. Директорот Мицковски објасни не постои такво работно место мора да се ангажира агенција. Дискусијата беше исцрпена. За усвојување на финансискиот извештај гласаа 6 „за“, 5 “воздржани“ прптив немаше.

***ТОЧКА 17. Одлука за доделување на еднократен паричен надомест на талентирани ученици во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар во учебната 2023/2024 година***

За Одлуката за доделување на еднократен паричен надомест на талентирани ученици во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар во учебната 2023/2024 година предлагач беше советничката Марина Димитријовска. На почетокот се разговараше за нејзината намена. Од целата дискусија се одлучи да се доделува еднократен паричен надомест на ученици запишани во СОУ „Крсте П. Мисирков“ кои постигнале успех и освоиле I, II  или III место на државен или меѓународен натпревар. По предходно поднесено барање и доказ за исполнување на критеиумите. Комисијата за опшествени дејности ќе ги разгледува барањата и ќе ги достави до градоначалникот кој понатаму ќе одлучи за износот и ќе донеси решени доколку се исполнети условите. Со 11 „за“ советниците ја донесоа одлуката.

***ТОЧКА 18. Решение за именување на членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот за 2023 година***

За членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот за 2023 година на Комисијата за мандатни прашања избори и именување беа предложени Александра Трајковска

претседател, Јордан Кромидаровски член и Филип Ангелевски член објасни Претседателот на комисијата Сандра Пејковска. Забелешки немаше. За донесување на решението гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 19. Решение за разрешување и именување на член на Комисија за мандатни прашања избори и именување***

За разрешување и именување на член на Комисија за мандатни прашања избори и именување претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска објасни се разрешува членот Ивана Кочовска, бидејќи има поднесено оставка, а на нејзино место се предложи да биди Љупчо Најдовски. Советниците од советничката група на СДСМ имаа забелешка членот кој поднесе оставка е од советничката група на СДСМ и предлогот за нов член треба да биди од истата советничка група затоа предлагаат за член да биди Даниела Давидевска. Забелешки по предлогот немаше. За предлогот Даниела Давидевска да биди член во комисијата гласаа 11 „за“ .

***ТОЧКА 20. Решение за разрешување и именување на член на Статутарното правна комисија***

За разрешување и именување на член на Статутарното правна комисија претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска објасни се разрешува членот Ивана Кочовска, бидејќи има поднесено оставка, а на нејзино место се предложи да биди Љупчо Најдовски. Забелешки немаше. За предлогот гласаа 10 „за“ 1 „воздржан“.

***ТОЧКА 21. Решение за разрешување и именување на член во Партиципативно тело за УП на Општина Демир Хисар***

За разрешување и именување на член во Партиципативно тело за УП на Општина Демир Хисар претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска објасни се разрешува членот Соња Наумовска, бидејќи се пензионира, а на нејзино место се именува Клара Тодоровска таа е дипломиран архитект општината има склучено за меѓуопштинска соработка со општина Могила во моментот таа е ангажирана затоа и треба да биди член на ова тело. Дискусија немаше. За донесување на Решението гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 23. Разгледување на барање од Љубе Митрејчевски***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни Љубе Митрејчевски има поднесено барање-понуда до Советот на општина Демир Хисар има доставено 20 примерици од неговиот роман „На поклади“ за што бара од општината 10.000 денари. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски на советниците му подели примерок од книгата и предложи да се одобрат 20.000 денари. Забелешки немаше. Со 11 „за“ се прифати предлогот да се одобрат 20.000 денари.

***ТОЧКА 24. Предлози и прашања***

Советничката Марина Димитријовска забелешка упати до општинската администрација зошто нема предложено програма за еднакви можности на жените и мажите.

Повеќе немаше предлози и прашања.
Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 90/2
30.01.2023 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.